| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | „Како да се заштитам од опасности“ |
| **Содржина на денот** | „Бон – тон во парк“ |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Александра Балшиќевска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Усвојување на безбедни начини на другарување во градинка, во парк преку повеќе игри на пр. „Скокни подалеку“, „Скокни повисоко“, „Кој прв до целта“ итн. |
| **Активности** | - Преку разговор и низ слики се запознава детето со начините на безбедно и културно однесување, односно бон-тон во парк.<br>На детето му се чита сликовницата „Како да се однесуваме во парк“, се објаснува содржината на сликовницата, а потоа преку прашања и одговори се прераскажува текстот со помош на слики.<br>Потоа на детето му се даваат неколку листови од блок и восочни боички и ќе треба да нацрта неколку цртежи од кои ќе треба на направи сликовница и да се наслови „Бон – тон во парк“.<br>- Игра: „Земја, ветер, вода“.<br>За оваа игра потребни се најмалку тројца учесници. Еден дава инструкции, а другите двајца го следат. Се повлкува линија со креда и учесниците стојат на една страна. Кога оној што дава инструкции ќе каже „Вода“ , другите двајца треба да скокнат на другата страна со споени нозе, ако биде кажано „Ветер“ тие скокаат, а за „Земја“ учесниците скокаат во место на една нога. Инструкциите се даваат без посебен редослед. Играта трае се додека децата имаат интерес. |